СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1779/2021
Дата......25 -11- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Берово се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на објект со намена времен престој – викенд куќа, на КП 10402 и КП 10403 во КО Берово-вон градежен реон, Општина Берово.**

Површината на предметниот опфат изнесува 0,5 ha.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y28521** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на објект со намена времен престој – викенд куќа, во КО Берово-вон градежен реон, Општина Берово, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Во непосредна близина на планскиот опфат, изграден е водоснабдителен систем "Беровско Езеро" со кој се водоснабдува Берово и селата во општината. Предметниот опфат на објектот се наоѓа во сливот на акумулацијата. Заради значењето и важноста на акумулацијата како постојан изворник на вода, при реализација на планската документација да се избегнуваат активности кои би можеле да ги сменат природните услови поради што би можело да дојде до лизгање


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk